# Adversaria Coruptiae



# Тетратка за корупција

# Adversaria Coruptiae

## *(Тетратка за корупција)*

*верзија на македонски јазик*

Оваа книга е дел од проектот “Adversaria Coruptiae”, кој е поддржан од ФИООМ

***Издава***
Асоцијација за граѓанска толеранција и соработка – Прилеп (АГТИС)
“Пиринска” – 62
7500 Прилеп

**Adversaria Coruptiae**
***(Тетратка за корупција)***
*верзија на македонски јазик*

*Александар Цветкоски & Креативен тим на АГТИС*

***За издавачот***
Дејан Кумпаниоски

***Ликовна илустрација и креација***
Тони Чатлески

***Организација***
Благица Цветкоска

***Уредувачки одбор***
Паре Зареска
Џане Крешова
Ермира Решиди
Соња Адамческа

***Лектура***
Жаклина Башеска - Нешкоска

***Компјутерска припрема и web презентација***
Дејан Кумпаниоски

***Креативен тим***
Пецко (Х) Тошески
Наташа (Х) Богоевска
Мирјана Костоска - Илиоска
Виктор Галески
Тање Хирошима
Ристо Хирошима
Раза Хирошима
Пула Хирошима

***Превод на албански јазик***
Д-р Мустафа Ибрахими

***Партнери во проектот***
Форум на албанска жена – Тетово

***Печати***
“Тирекс” – Прилеп

*Тираж*
1400

# Adversaria[1] Coruptiae

*<u>Колку нешто да се пише!</u>*
*На човек, кога му се плаче и ако е разумен, тој треба да плаче. Тоа (разумот и мудроста од кооперациски вид) не е одлика на АГТИС – овци, а посебно на Хирошимци, па кога “не ни тежи мозокот”, можеме да си дозволиме да се смееме, на она за што треба да плачеме. Тој вид смеење, кое е перверштиран плач ќе го најдете одавде, па до крајот на оваа книга. А темата актуелна, па сé присутна, па уште сето тоа на квадрат: корупција или уште поточно – корУПСција.*

***Четири латински:***

**“Quae fuerant vitia, mores sunt.”**

(Некогаш што беа пороци, сега се обичаи.)

**“Qualis rex, talis grex.”**

(Каков крал, такви поданици.)

**“Qui non prohibet, cum potest, iubet.”**

(Кој не спречува кога може, одобрува.)

**“Qui proficit in artibus et deficit in moribus, plus deficit quam proficit.”**

(Кој напредува во знаење, а назадува во моралот, повеќе назадува, отколку што напредува.)

[1] Книга или тетратка во која се внесуваат податоци, кои подоцна ќе бидат средени.

***Една македонска:***

***Најмног̄у ја уништ̄уваат̄ (држават̄а) т̄ие на кои најмног̄у им т̄реба, или -***

**“Давам кралство, оти сум коњ”.**



Финансиска рогузина Rrogozinë financiare

***Една – две универзални:***

***Пушењето е забава,***
***може да биде и секс,***
***но само инцидентно.***
***Ако е тоа правило, тогаш се работи за проституција.***

***Даровите се израз на внимание,***
***може да бидат и политика,***
***но само инцидентно.***
***Ако е тоа правило, тогаш се работи за корупција.***


АНТИКОРУПЦИСКА
СТРАТЕГИЈА

## Вовед

Во оваа книга ништо **не е докажано** и ако ви се чини вистинито – вие имате проблем, а не јас. Јас пишувам заради 20 проценти што ми плаќа печатницата, за секој префрлен денар – нормално: Без данок.

Инаку, јас мирно спијам бидејќи сум некоруптивен – нема таква корупција што нема да ја земам.

Вие мислите поинаку ???

Значи, нема државата проблем со нас, туку ние со неа. Долго време државата ни ги расипува бизнисите, под изговор дека сме биле корумпирани. Заради тоа и ја расипавме.

Нам таа и не ни е потребна, ние си имаме пари за сé: си плаќаме телохранители – наместо полиција, си плаќаме забари од Оксфорд во Швајцарија, наместо нашите, кои ги купиле дипломите, лекари – приватници, приватни школи… Немало паркови? Ние си имаме свои! Немало убави улици? Ние си имаме џипови! Нашите деца сакале да си играат со другарчињата? Ќе им купиме другарчиња! Ма, ако треба и ќе им направиме! Ние имаме сé, затоа што можеме сé… Покрај ваков државен апарат… Навистина можеме, затоа што само **тие се полоши од нас**.

Но, залудно е празното филозофирање, туку да видиме од што се живее:

## КРАТОК КУРС ЗА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Еден од најголемите проблеми на транзиционите општества е ДДВ – то, затоа што ти го обезвреднува перењето и тоа секој пат, кога ќе пробаш да “ги свртиш“. Секој нормален ќе ти бара голем процент за проперување, а ти веќе имаш обврски кон шефот и сите други “упатени”. **Во превод, тебе ќе ти остане материјал за “мармелад од шипки.”**

Тоа ти е како флека на “џиш“- ткаенина, на розе основа, со модри рози, оние од поевтините, на кои им се пере бојата. Ако го “куваш“ на висока температура, бојата “пушта” и сé ќе заебеш, а ако го оставиш на “млако”, флеката останува и уште повеќе се зголемува.

Па така, штом е флека, бара хемиски третман. Некои пробале и со поголема машина за перење, па купиле “Фаворит”, бидејќи “пере немогуќе ствари”, но се заебале. Најдобар начин е хемискиот.

Хемискиот начин предвидува ДВОЈНО ДЕЈСТВО:

Злоупотреба + Потперување + Пеглање[2].

(што е оваа саботажа? – излегоа три)

**<u>Хемискиот начин на перење, потперување и чистење на паричната материја во 13 чекори:</u>**

**И бидејќи “џабе книга без реклама”:**

**И ДА НЕ САКАТЕ ДА ГО ГЛЕДАТЕ - ЌЕ ГО ГЛЕДАТЕ**
**И ДА НЕ САКАТЕ ДА ГО СЛУШАТЕ - ЌЕ ГО СЛУШАТЕ**
**НОВИОТ АЛБУМ НА:**
**ЕКСТРА КОРУПТИНА со наслов**
“Не си го поткрадај Кољо државче”

---

[2] Популарно наречено ЗПП

– **Бек ту д’ работу,**

**Припрема:** Креираш шанса за некоја итна набавка за твоето минист... мислам... фирма. Наоѓаш начин да побараш абнормално голема количина од тоа. Најдобар начин е на својот шеф да му понудиш дел од бизнисот, но да има и за оние “погоре”. Или, ако е (и бидејќи е) суетен, речи: “Ми кажаа оние од подолу дека не ни треба Многу од тоа”: Резултат - загарантиран.

**Постапка 1:** Дезинфекција на иницијантите (“клиентот” и работникот во пералница). Оваа фаза се работи во кафеана, каде со разни видови денатурализиран алкохол (ракија, вотка, џин, коњак, виски…), иницијантот се пере однатре, па се балсамира со мрснотии (скара, ширден, печења од сите видови). Оваа фаза има и психолошко дејство врз иницијантите, кои мораат да се чувствуваат чисто, иако со саати се “просеруваат”, додека собираат храброст.

**Постапка 2:** Глумење невиност после првите 100 брачни ноќи. Оваа фаза се состои во “гувеење” и чекање на предлози од спротивната страна, кои ти ќе ги крстиш “генијално, па како ти текна”?! Во оваа фаза, иницијантите се под дејство на гасови од третманот со маснотии и млакиот шприцер, притисокот дека ќе ги кара жената, ако бргу не се појават дома и стравот дека на трпезата ќе се приклучи несакана личност, пред која нема да може да се муабети.

**Постапка 3:** Се состои во критикување на корумпираното општество, крадците, “перачите на пари”, кои премногу “перат” и не останува ништо “за народ”. Во оваа фаза, се изразува задоволството што си се “фатил” со така “чесен” тип/ка како соговорникот и дека вие заедно чуда ќе направите, за народ, за државата и нормално – за себе – “па не сме само ние овци”.

**Постапка 4:** Во оваа фаза, кога сопирачките попуштаат, добро е да се земе во предвид и спротивната опција: Што ако нé фатат? Во оваа пригода треба да се говори како ќе се минимизираат ризиците, односно, кого познавате (сте го честеле, “подмачкале”), кого од политичкиот живот познаваш, кој би ти се нашол, ако “возот тргне надолу”… со задолжителен заклучок дека - НИКОЈ НИШТО НЕ НИ МОЖЕ (во таква прилика добро е да се “подмачка” диск – келнерот да ја пушти онаа: “Не може нам нико ништа, јачи смо од судбине”).

**Постапка 5:** Ова е критична фаза, која настанува на границата од пијанство и нема никој точно да се сеќава на ништо, освен дека “договорот паднал”. Оваа фаза има импликации во идните кавги со “ортакот” околу квалитетот на испраните “парица” (читај -процентот), и затоа е битно да не си многу пијан, за да се сетиш на она што тебе ти одговара, односно, да бидеш доволно пијан да не се сетиш на она што не ти одговара!

**Постапка 6:** Повраќење во слободен стил, честење на цела кафеана и слични балкански специјалитети, кои келнерот не ги служи, а силно делуваат на добриот имиџ на кафеаната и иницијантите: “Ма тој е бре тип, да го видиш како повраќа грбно”.

**Постапка 7:** Распиши тендер, со понуди во затворени коверти, со шифра на апликантите.
- **Потпостапка 7/1:** Обезбеди некој да им се јави на сите апликанти, и да ги советува на “високи” понуди за да им сврши работа, па да има и за него.

**Постапка 8:** “Под која шифра го поднесе проектот?”
- **Потпостапка 8/1:** Излажи го шефот за 5-6 проценти, затоа што нема да ти остане ништо.

**Постапка 9:** “Да не ја дувне во странство” или нервирање околу тоа кога ќе го дадат твојот дел. “Не господине... да, сé уште не се појавува... Да му пратиме инспекција? Да не е малку рано?”




**Постапка 10:** "Господине, ве чека пријателот". "Нека влезе одма". "Ах, дојде – подобро некогаш, отколку никогаш... Што си бре брат невесел, а? Донесе што требаше? Да, да сé е тука... Оти неќеш виски?"

- **Потпостапка 10/1:** “А кој сте вие? Не можете вака да влегувате во институција, во канцеларија, кога имам деловен состанок ... “ Имате грешка... јас сум функционер.. чекај да се јавам кај господинот ... ме чека во полиција? Драге, земи си го куферчето... а зошто вие да го земете... Драге, што е ова? Кажи им дека е твое куферчето. Од каде сега диктафон под маса. Ова е нешто партиски, ќе видете кога ќе ви свикам прес...”

**Постапка 11:** Адвокатот те советува да “дадеш нешто” за да се подмачкаат судиите: “Сета среќа што кај нас нема порота, ќе ме оголеа.” “Добро ме советуваа да оставам нешто за вакви случаи.” Да ти дадам 100 евра за еден телефонски повик? Е, оваа држава плива во корупција...“Жено продај го мерцедесот, да не трошиме од “кешот”, ќе треба за понатаму... си го продала веќе....паметна моја... а кој говори од таму? Молам...Љубовникот? Не срце’.. не, не, не можеш да сведочиш против мене - жена си ми. Што има врска што се разведовме? Па тоа беше заради вториот државен стан. А што ти ветија да сведочиш... моето место???”

**Постапка 12:** “Како не зема мито? Да не е тој од Финска?” Тогаш дознаваш дека **оној некој, кој “морал да падне за пример**” си ти – БИНГО!

**Постапка 13**: Му го честиташ роденденот на шефот со песната “Дојди да остаримо заједно”, а потоа го земаш вазелинот.....

**Е, овде “бара” реклама...**

Магија на перењето – шампонот “Корuптон”




**Карта Корупција** **Korrupsion Letër**

*Во слободен стил:*

**Њутнови закони за корупцијата**
Мито = позиција **x** забрзување во богатење

“Деца! За 8-ми Март немојте да ми носите дарови”-
**им рекол учителот на децата ...**

**Закон за државата:**
Ако си уметник на митото, Македонија е твое атеље.

**Закон за учениците:**
Учи, учи и само плати!

**Закон за жалбите на корупција:**
Поплаките за случаи на корупција се исто пропорционални со неволноста на оние, на кои им се поплакуваш.

**Закон за државна религија:**
Ние сме православна држава – сите се крстат над борбата против корупцијата.
Почнаа да се крстат дури и Албанците!

**Закон за привлекување на сличностите:**
Од Водно најлесно се оди - во рајот.

**Закон за различностите:**
Ако различностите се привлекуваат, Водно оди со Идризово.

**Законот на Ангелина Хирошима (ќерка на адмиистративци):**
Сé се менува сé тече, но администрацијата и - пак мито влече.

**Закон за модата и митоманството:**
“Царот е гол!” Да живее модата!

**Една “народна” за довербата:**
Подобро коверт в’рака, отколку плац во центар – на почек.

Најдобриот политичко – антикорупциски слоган: НИЕ ПРАВИМЕ СЕ ЗА



(Кој копук ја “редеше” книгава, види од каде ни почна учебникот)

**Учебник по физика за II година ненасочено (во слободен пад) образование**
***Мерење на корупцијата во услови на просечна релативна влажност***

Корупцијата се развива во услови на поволни климатски услови, а посебно при максимална влага. Заради тоа, таа не се мери успешно без да се има предвид дека е таа (корупцијата) поврзана со средината од каде што потекнува.

Исто така, од науката е познато дека таа се развива и во кисела и по базна ПХ средина, но најбитно е да има “клима” за развој на корупцијата, односно да “има влага” во државата за нејзин непречен развој.

Како добри подлоги за развој на корупцијата, можат да се напоменат:

- преопшта и безлична основа, која многу се користи во политиката.
- “непотистичка средина”, која не е заситена со пот од многу работа (“непотисти” – луѓе, кои не се потат кога лажат).
- споил системи на базна средина. Важно е да се напомене дека во споил системот базната средина е најважна, заради тоа што во спротивно, на политичарите може да им дојде “кисело”.
- Нетендерска средина, со намален процент на отворени очи.
- Премногу чиста и од судовите незагадена криминална средина.
- Комисиска средина загадена со голем процент на скапи парфеми
- Професорско - доцентска средина (од англиското “Do cent” – кога студентите закинуваат од “џезата”).
- Гинеколошко – лекарска мешана ПХ средина.
- Нови и комбинирани средини

Во Македонија се присутни сите овие средини за живот на корупцијата и развојот се цени на 82 проценти од целото, (само плати ДДВ).

### *1. Индекс за ӣреӣознавање на коруӣцијаӣа*

Корупцијата најдобро се препознава по индексот. Индексот може да се дефинира на два начини:

- како одреден дел од целото, а “цело е кога има сѐ”
- како тетратче, во кое се впишуваат оценки, со одредена висина, во зависност од родителите на студентот, или надворешниот изглед на студентката

Корупцијата уште подобро се препознава и по дипломата, и таа се дефинира како:

**Ропачлук на професорите[2] = дадени евра**
**Ропачлук на студентот штета во општеството**

Дипломата е мерлива и низ други мерки:

- Стечај; недомаќинско работење; мешање масло и нафта;
- Прелевање од општо во посебно (од "државно" во "приватно")

Овој начин на мерење на дипломите е најприсутен во последните 58 години.

### *2. Единици мерки за препознавање на корупцијата*

**1 DJ&KOV**

Оваа единица е најпрецизното мерно средство на власта, кое е досега измислено и ја дефинира корупцијата во маса, без да се занимава со попродлабочени анализи. Служи за постигнување невиност после долгогодишно курвање и во индустријата за производство на розе боја. Затоа и го нарекуваат "Розе фактор", но тоа не е научна терминологија.

Оваа единица е основно мерно средство во Агенцијата за Шаблони, Летаргија, Авиони и Корупција (АШЛАК), која е во состав на Јавното обвинителство (околу 7.000 километри југоисточно од Гринич).

**Изведени мерки:**

- 1 "Немам поим"; 1 "Не сум одавде"; 1 "Мене не ми се случува"; 1 "Плати, па крати"

Примената на сите овие мерки доведува до постигнување на стандардот ИСО и Хасо 0.0007, што ни овозможува препознатливост на големите пазари во Уганда, Јужен Пол и Европа (само подводните предели).




**Маус** **Mausi**

**Поголема единица мерка, со која се мери интергалактичката корупција:**

**1 Партиски комесар**

Оваа единица е воспоставена 1946 година и се дефинира како:

$$\frac{\text{Број сплетени чорапи за партизаните}}{\text{Број на кумровечки посети}} \times \frac{\text{Лет кон ѕвездите}}{\text{Број Грабежи со судска заштита}}$$

Денес е оваа мерка ревидирана и се дефинира како:

$$\frac{\text{Број колнења за Македонија}}{\text{Прочитани книги}} \times \frac{\text{Кајгана од старо-нова Гарнитура}}{\text{Број “Скршени јајца за идејата”}}$$

Односот на старата и новата формула е во однос: **1 : 0,1**

**Други народни мерки:**

1 ќути и трај = 1 Мечка/лозје

## Идеал на секој Македонец

Државна – седечка работа, со мала плата и понешто “малку од страна”.

**Објаснувањето на Кети Хирошима**

Бојку избегал од страв од корумпираните судии.




Мито за факиря

Mitë për fakirë

**Почитувана Комисијо**: Ова е пекол од корупција!

**Кој беше?** Некој фурнаџија!

**Дилемата на Стево:**

Дали е подобро да има повеќе - граѓански одговор[3]?

**Вести од економијата:**

Градежната фирма “Лет во место” ја почна изградбата на дупка во водата во Охридското Езеро. Градежната оператива е поставена на земјиштето, кое го донира Владата и се наоѓа на Охридскиот брег, а припаѓа на петта класа, па заради неплодноста е дадено на користење. Големината на земјиштето од 20 хектари ја одреди Комисијата при владата за Загревање на машини, кое оцени дека е потребен толку простор за утринско загревање на машините. Заради таа одлука, владата реши и да ѝ купи машини на фирмата, за да се искористи просторот.

Лути на одбивањето на Светска Банка околу побараниот кредит од страна на фирмата “Лет во место”, владата на таа фирма и одобри кредит за изградба на дупката, со грејс период од 8.000.000 години и годишна камата од 1%.

**Работни успеси:**

Свечено сечење на лентата на фабриката и отпуштање на 300 работници.

Свечено пуштање во погон на стечајот.

**Наивност од минатиот век:**

“Криво седи – право суди”.

**Мали огласи:**

Местам тендери по куќи.

---

[3] Граѓански одговор: Го фатила полицијата, го претепала и овој одговорил се што знае.

**Извадок од толковен речник на (и премногу) познати изрази**

**МИТО:**

- Алтернативна финансиска трансакција (АФТ)
- Подругузински деловни пласмани (ПДП)
- Топол оброк за “упатени”
- Деловна алтернатива (ДА)
- Компензациска зделка за фатени во недозволени трансакции (КЗФНТ)
- Дар за благодарност за свршена работа
- Ваучерска моронско - ригидна облигација (ВМРО)
- Дар за работата да се сврши
- Саглам деловни системи за маѓепсување (СДСМ)
- Надокнада за професорите, кои мораат да слушаат глупости од студенти
- Демократска партиска амнезија (ДПА)
- Радост за шалтерски работници
- Лабаво правдање (ЛП)
- Право на прва (???) брачна ноќ
- Фонд за старост
- Лична “дрпни” политика (ЛДП)
- Снаоѓање во животот
- Peace keeper



Мито ковертиран стил     Mitë - stil i kovertuar

**РУШВЕТ:**

- Искомплексирано мито
- Вонбрачно дете на корупцијата
- Дневни трошоци за инспектори
- Тренинг на ученици за давање мито
- Нова парична единица во Македонија

**АПСТИНЕНЦИЈА:**

- Ден без мито

**АПСТИНЕНЦИЈАЛНА КРИЗА:**

- Нервоза што немало мито

**МОРАЛ:**

- Крадел оти морал

**ПАТОЛОГИЈА:**

- Наука за патиштата за борба со корупцијата

**ПОСВЕТЕНОСТ:**

- Мито за попови и верски лица

**Епопеја на македонцкио Народ**

*Од Стево (Х) Цепаница*

**Том I**

**“Ренесансен до романтичен”**

Ми товари Слаѓа три товари акти,
Три товари акти, мамо артефакти,
Па кај Влада на печалба ми идет,
На печалба ми идет лопови да видет.

Си седнала Слаѓа позад телефони,
Позад телефони, на новинари ѕвони.
Па ми брифинг викат во владина зграда,
исто она место, каде луѓе крада.

Кога виде Љубче, од смеа се кинет,
со судии вакви ништо не ти минет,
туку фати некој боранија ситна,
која на никој и не му е битна.

Но, не слуша Слаѓа, советите мудри,
туку веднаш мисли на големи да удри.
Па ми брзо на Прче се јави,
кого во затвор може да се стави.

А Прче од суд иде, па колеги си знае,
дека пуштат секој што мито ќе дае,
па и совет праќа од длабина срце
миј си раце најди некое НЛ лице.

Абре Прче брате, за пример ни треба
некој голем за рејтинг да крева,
оти странцки ни идет проекти,
па лопови ни требет за проспекти.

Ајде сестро те моља, од мене се мани,
многу брзаш и помош си немаш.
Да не дојде да си лижеш рани,
да не дојде куфери да спремаш


ГОСПОДИН СУДИЈА ТРЕБА ДА МЕ ПОМИЛУВАТЕ
ЌЕ ТЕ МИЛУВААТ ВО ЗАТВОРОТ КОЛЕГИТЕ!!!
А МОЖЕ И ДА ТИ СЕ БЕНДИСА

## *А троа реклама?*

Стихови (лоши) и **поздрави и честитки**??? Како едно за друго!!!

*Старите потперувачи на Владата им ги честитаат успесите на новите и ги нудат своите услуги со песната “Тако ми недостајеш”.*

## Том II

### “Декадентен до разочарувачки”

Па се мисли Слаѓа, како да го фати патот
што стока ќе беше, сите митомани,
а сите и велат арчи си мандатот
кај нас може сѐшто да ти стани.

А на Слаѓа во глава не ѝ идет
како може маус ко од злато да чинет,
и од спортски сали -  салата
и на Водно без газда – палата.

А никој јајца си немет, никој да кажет
зар во земја аваква секој само лажет,
поврзано сето како свински црева,
и работата моја како мравка во трева.

Зар била сама и Паликуќа Ибе,
па каде се чуло кралица без либе,
а ни мојот ментор помош да ми даде,
зар и тој се откажа и почна да краде.


И ТЕБЕ ТЕ ФАТИЈА? ДОБРО, ЗЕМИ КАРТИ И ТЕРМОС
ПОЛИЦ

**Том III**
**“Феноменалистички до фаталистички”**

Но Слаѓа ми нарав бистра имет
и умее сама да си прави измет,
па се сети пратеници да праша,
да не се прави над пашата – паша

Врти - сучи Слаѓа храброст собра
божем не акти, ами ќе водит борба
и со анкети ми писмо шара,
сами да се кажат - од луѓе бара.



Мито шкотски стил      Mitë - stil skocez

Сиромај пратеници, никој не краде
а и да краде нема информација да даде,
иако народот нив добро ти ги знаел но,
никој не го прашал, па си траел.

Па во фабрика ми идет, за арам да видет:
и го фаќа Бајрам жртва да бидет
Платно многу се изнело!
Нашла Слаѓа, без кучиња село.

А “61 фактор” трагот си крие,
не знаел ништо рацете си мие
“не сум јас, барајте НЛ лице”
јас сум болешлив, ќе ме фати срце.



## Том IV
## “Комичен до книгоиздавателски”

Успехот е виден - комика чиста
мериш слон, а тепаш глиста
се́ ти било само магла и ветар,
а судијата како Свети Петар.

На сите страни за мене мотка,
па ме мори тешка брига,
готова сум, морам на “Окта”
но, прво да извеза уште една книга.




Мито професорски стил    Mitë - stil profesori

Ало шефе, за “Окта” права шема
од таму многу пари Гркот зема,
и решена сум, веќе не е мода
државата ни е лом и жива вода.

Седи мирна, потреба си нема
тие ќе платат - јас си напрајв шема,
а ти најди на пратеници родина
сега не е време, изборите се в’година.

И толку од тоа
Божем не е троа
Антикорупциската пупка,
Се заглави во дупка.

**Спортски вести:**

Тасева – Џиков = 0 – 0

**Допинг контрола**: Министерот примил 100.000 единици

## **Факултетски игри без граници**

Факултетите се природна појава, која едукацијата ја чини економична. За тоа е доказ и купувањето дипломи. Каде би нашол диплома за 5.000 евра, да не се факултетите? Вака, одиш на факултет и купуваш диплома за 5.000 – 10.000 евра. Ништо поприродно. Заради тоа и тие ги дефинираме како “природна појава”.

Од една страна, тоа е така, но од друга не е! Факултетите се и социјални установи, кои служат праведно да се плати трудот на професорите, персоналот на факултетот и колатералците од типот “не окреќи се сине[4].”

Значи, да резимираме и да поставиме “минимална дефиниција”: факултетите се едукативно – социјални установи за купување дипломи и исполнување на високиот социјален стандард на професорите и помагачите.

Сега, кога ја дефиниравме есенцијалноста на факултетите, да се задржиме малку на Здруженијата на факултети или како што некој неупатени ги нарекуваат универзитети.

---

[4] “Не окречи се сине” е специјален вид на професорски помагачи (но не се асистенти), кои се задолжени за книговодствено – митомански работи. Обично, ти велат да одиш на одредена траса и парите да ги фрлиш во некоја корпа за ѓубре, но никако да не се завртиш за да погледнеш кој ги зел. Овие (помагачите) ги “собираат” парите од кантите за ѓубре – за сметка на професорите.

Универзитетите не се природна, туку космичка појава, заради тоа што таму работат оние, кои се со носот во ѕвездите, па се смета дека е тоа космички факт.
Универзитетите имаат неколку основни карактеристики:

1. Универзални се (малку политика, малку мито, малку корупција, малку стручност, малку местење неспособни колеги за професори..)
2. Не се она за што се декларираат (од "верзус" – "опачина")
3. Во нив членуваат марсовци (никогаш немаат поим дека "нешто" се случува на факултетите, па се претпоставува дека се доселени од Марс)
4. Се занимаваат со специфичен вид лотарија (чиста лотарија е кој ќе биде професор, кој асистент…)
5. Се занимаваат со производство и дистрибуција на опојната психотропна супстанција – розова боја.
6. Глуви се, слепи и неми во сите други ситуации, освен кога некој ќе им се меша во самостојноста.
7. Патат само од слични космички величини (ѕвездата Стела Новкус)

Во Македонија постојат 4 универзитети:

- Св. Непрокопсије Митолошки
- Доктор Рушвет Зематова
- Мајка Еврѕемова МитозаШеска
- "Убајот на тато, што си ми умен"

Функцијата на универзитетите се состои во тоа, да го бранат бизнисот од граѓаните и да поставуваат професори, кои нема да го реметат бизнисот и тековите на корупцијата.

Мама има мито
Мито носи тато
Мама, мито, тато

***Од мали нозе***

**Најчести хобија на политичарите:**

- “риболов” за 50 евра - час (ако му е жена, многу е поскапо)
- лов во матно
- филателија со актуелни банкноти
- паралелен слалом: кажува едно, а мисли друго
- градинарство на доделени градежни парцели
- патриотизам

**Discovery Channel:** Октоподот е морско животно, но најголем раст доживува на копно (надграничен вид **Octopus Bitolitis**).

**Објаснување на Раза Хирошима**

Митоманите ги кажуваат во иницијали, заради малолетноста и актуелноста на случаите.

**Наменско трошење на средства:**
Дај ми ги на мене.




Радијација и плави "пликови"

Radiacioni dhe "koverta" të blerta

*Инспекторот Стево Холмс во епизодата:*

**“СЛУЧАЈОТ НА МРТВИТЕ ФАБРИКИ”**

*Лица:*

**Стево Холмс** (моминско – Хирошима) – Инспектор за убиства
**Апорт Лижески** – посилник на Инспекторот Холмс – примен со акцијата за вработување на припадници на малцинствата (трансвестит по националност).
**Хамлет Гризикоскоски** – Посилник за масовни апсења
**Кршибубрегоски Мирко** – Полицаец задолжен за изнудување признанија.
**Рушвит Усвит** – (*Во склад со Рамковниот Договор, поместуваме 20 проценти етнички материјал, иако нема никаква улога во писанијава),* новопримен полицаец од редовите на националностите, бивш припадник на ВИС “Ана” (ВИС – Вокално Инструментален Состав)

**Сцена 1.**

***Ѕвони мобилниот на Инспекторот Холмс, кој го вози новиот Крајслер по селските дупки:***

Каде сум? Близу Скопје, бев до нива да ги соберам компирите, татко ми се скапа од работа сам. Што има?
Пак ли? **Мртва фабрика?**
Мора да е масовен убиец. Не фаќајте ништо одма ќе дојдам, само да ги однесам компирите во една кафеана.. знаеш ми ги плаќа по 1 евро за кило – многу добар човек... да, да.. знае дека се вадени со изворска вода.



Мито  дресиран стил

Mitë - stil i dresuar

**Сцена 2.**

***Месшошо на злосшорсшвошо – йолицијаша сшои на кайија на фабрикаша, која е ойседнаша од демонсшранши – бивши врабошени во фабрикаша за йроизводсшво на “вода од камен”, со йосшайка на цедење со їоли раце (вселенска еколошка шехника).***

**Холмс:** Никој да не мрднал. Апорт, што се случува овде, зошто не се граѓаните зад лентата?

**Апорт:** Беа, ама ги отпуштија и сега фабриката е мртва.

**Холмс:** Незгодно!Прашај дали некој знае нешто. Прашај го оној онде – сомнителен ми е.

**Стражарот:** Јас ништо не знам, велат знаат во судот.

**Холмс**: Мирко! Ајде овој испитај го – нешто ми е сомнителен, а плус носи и оружје.

**Стражарот:** Па стражар сум, мора да имам оружје.

**Холмс:** Ве знам јас сите вас, сé ќе речете да се извлечете…. Слушна Апорт? Толку сум верзиран, веќе зборувам во рима.

**Апорт:** Кај Папата?

**Холмс:** Што Папата?

**Апорт**: Па, во Рим кај Папата ли бевте?

**Холмс:** Боже, дали ме искушуваш?

Што викаат оние луѓено накај мене, да не ми е откопчан шлицот?

**Апорт**: Тоа се вработените, велат да се уапси некој Директор.

**Холмс:** Директор? Тој ли ја убил фабриката? Премногу е лесно, не оди така во филмовите. Мора да има уште нешто. Јас одам во судот да прашам, а ти Апорт користи ги сивите ќелии.

**Апорт:** Ќелии? А – да! Хамлет, нека идат марици и сите тие луѓето во ќелии. И, одма кажи му на тој управникот на затворот, да ги обои ќелиите во сиво.

**Сцена 3.**

***Инспекторот Стево има сериозни индиции дека дел од решението на убиството на фабриката, се наоѓа во судот. По токи- воки, му се јавува на Мирко.***

**Холмс:** Ало Мирко, ало Мирко – прием.

**Мирко**: (*Сиот задишан*) Ало инспекторе, овде сум во шок собата, прием.

**Холмс:** Дали нешто кажа?

**Мирко:** Не инспекторе, овој е "тврд орев", вели дека ништо не знае, освен она што сите го знаат, но јас мислам дека знае и она што не знае – пред малку стави една таблета под јазикот – сакаше да се отруе за да не каже, но јас му ја извадив.

**Холмс:** Само немој како минатиот пат кога ги тепаше оние Ромине што ти признаа дека го отепале Ѓинѓиќ. Имај малку исав, не се ова новинари па да ги тепаш колку сакаш.

**Мирко:** Не овој повеќе не го тепам, но беше озвучен, мора да работи за некого.

**Холмс:** Озвучен? Има некаков апарат? Пишува нешто на апаратот? Или прашај го него.

**Мирко:** Тој не може веќе да зборува, сиот е во некои пењи, мора да се дрогира, а на апаратот пишува нешто со "Пес..". Таблетите се сигурно експлозивен отров, пишува нитроглисе… на латиница е тешко се чита…

**Холмс:** Добро де – види таму нешто, јас ќе ти се јавам од судот, ако треба да ми среди шефот да ме прими некој од господата судии.

***Холмс влегува во судот и малку почекува, оти никој нема на стражара.***

**Холмс:** Каде ви е овде одделот за убиства? Каде е портирот да го прашам.

***Еден младич излегува од кафе - собата на стражарата, во друштво на некоја женска – млада персона.***

**Стражарот**: Да, да, ќе ја наредиме. Мене судијата не може да ми одбие ништо, а ти донеси… како што се договоривме. Ти што чекаш овде?
**Холмс:** Инспектор Холмс! Каде си ти? Можев да внесам и бомба ако сакав.
**Стражарот**: Па, ако си инспектор што бараш да внесуваш бомби?
**Холмс**: Па… да бре… јас онака велам… ти си добро момче. Туку каде е овде одделот за убиства?
**Стражарот:** Биди попрецизен: Кој – кого убил?
**Холмс:** Убиена е една фабрика, а убиецот е НЛ.
**Стражарот:** НЛО? А, ти си за во деликти на проституција и дрога.
**Холмс:** Малку чудно…
**Стражарот:** Па, само дрогиран човек може да истражува вакви работи. Ти немаш попаметни работи? … Ајде оди право, па лево и најави се кај секретарката во одделение за стопански криминал. Туку… вака не се влегува во суд. Не донесе ништо?
**Холмс:** Еве имам легитимација.
**Стражарот:** И што да правам со неа? Да ја ставам на свинска паштета? Те прашам за нешто конкретно… за да ти тргне работата.
**Холмс:** А, да… но, не донесов… еве, дали ти треба имам една пачка муниција за пиштолот вишок, може да ти се најде за на лов…
**Стражарот:** Каков лов? Имам јас купци за ова, по едно евро – парче.
***Холмс оди кај секретарката во одделението за економски деликти.***
**Холмс:** Другарке! Ова е одделение за економски селидби?
**Секретарката**: Не, не е! Тоа ти е во Арачиново. А не е ниту вечерен универзитет за неписмени! Што сакаш навистина?

**Холмс:** Дојдов да се видам со судијата... има мртва фабрика.
**Секретарката:** Дојди утре, веќе е 12 часот и сега една колешка слави роденден на внукот, па ќе има прослава.
**Холмс:** Јас сум инспектор – ова е полициска работа, итно е.
**Секретарката:** И сега треба да ти купам бицикло ако си инспектор?
Господине судија, овде има странка… знам, знам, но вели дека е инспектор… каков инспектор си ти? Криминален? Криминалец господине судија!
*Судијата излегува со раширени раце.*
**Судијата:** Господине криминалец, каква чест, ајде влезете.
**Холмс:** Јас сум криминален инспектор господине, еве имам легитимација.
**Судијата:** Ах, грешка. Дојди друг ден!
**Холмс:** Ама не може, има мртва фабрика и мора да…
**Судијата:** Пази со тонот, имам брат во владата… да не патролираш во Склупчане…
**Холмс:** Ивинете господине судија, но ако може да ми кажете… како да го барам убиецот на фабриката.
**Судијата:** Види… ќе појдеш кај стечајниот управник на фабриката и ќе му се претставиш. Тој  не е од Скопје, знаеш - сега гради куќа на Водно, но со фамилијата живее во Охрид. Тој ќе ти каже сé што треба. Ако не те пушта шефот, јас ќе му се јавам и ќе средиме. Можеш и фамилијата да ја поведеш до Охрид и таму да си поседите, на сметка на фабриката. Еве ти адреса и телефон од господинот - ќе си поминеш супер.
**Холмс:** Фала господине… ќе го расветлиме ова убиство…
**Судијата:** Ама ајде не глупирај се. Ти само појди кај што те праќам и без гајле. Јас ќе му јавам сега на господинот да те пречека. Ајде сега!

**Сцена 4.**

***Инспекторот Холмс тргнува на пат за Охрид, за да го пронајде убиецот на фабриката. Патем ја носи и фамилијата.***

**Апорт:** Патувајте со среќа.

**Холмс:** Нема место во колата за уште еден. Нека земе автобус тој твој Среќко, рече?

**Апорт**: Не, јас сакав да бидам љубезен, тоа така се вика…

**Холмс**: Па добро де, нема да го прекрстуваме човекот.

**Апорт:** Да дојдам и јас?

**Холмс:** Не, за работава е потребен интелект – значи, ти не доаѓаш.

**Апорт**: Благодарам инспекторе, секое добро инспекторе. Леле заборавив: оној стражарон од фабриката… не бил дрогаш туку имал некоја болест… мислам вагина кликторис ли беше… мислам нешто со срцето… Го спасија за влакно.

**Холмс:** Па кога сака да се задева со државата. Но, кажи му на Мирко да се смири. Нека тепа таму некој од оние невладините, некое Ромче… така…

**Сцена 5.**

***На наплатна рампа:***

- Ќе плаќаш 70 денари да ти дадам ливче, или плати 30 денари, без ливче?
- Јас сум инспектор.
- Лаѓе?
- Не во полиција.

- Уште има полиција? Јас си велев дека ги има уште во американските филмови. И сега… како ќе платиш.
- Инспекторите не плаќаат.
- Да видам: … амбасадори, инвалиди, НАТО, пратеници, курви … нема … Ах, да има, еве: пазарни инспектори, школски инспектори… нема полициски инспектори. Како популарно ти ја викаат струката?
- Криминален испектор!
- Па што не кажеш - еве има: криминалци … од сите видови. Ама чекај бре. Ти плаќаш 500 % + ДДВ и карта за натпревар – ако имаш. Значи 70 денари со 500% и карта – рамно 100 евра, а за возврат добиваш бакнување рака – јасно пишува во правилникот.
- Имаш ти шеф?
- Имам, ама го сменија, сакаше да му наплати на еден санитарен инспектор, кој има брат пратеник.
- Добро, еве 70 денари и дај ми ливче.
- И ќе ги правдаш 70 денари? Срамота. Колку си скржав далеку ќе стасаш.
- Само до Охрид.

**Сцена 6.**
**Кај директорот во вилата**
***Инспекторот Стево го остава семејството во паркот да го почекаат за тој да појде до директорот на фабриката на прв разговор.***
***Инспекторот Холмс ја отвора вратата и директорот станува со одбрамбен став*:**
“Не крадев јас – ме натераа”.


СЕ Е ВО РЕКЛАМАТА

**Холмс:** Јас сум инспектор за убиства.
**Директорот:** Ах, добро – јас се уплашив да не ми местат нешто…знаеш како е денес со завидливци…
**Холмс:** Јас истражувам случај на мртва фабрика во Скопје.
**Директорот:** Умрела сама или ја ликвидирале.
**Холмс:** Се испитува сѐуште.
**Директорот:** А ти немаш попаметна работа. Не гледаш дека ја украдоа државата?
**Холмс:** Тоа не е мој ресор. Тој ресор го води директно шефот.
**Директорот:** Хм… гледам те нашле по мерка, добро, сакаш виски, кафе или само ќе го земеш ковертот?
**Холмс:** Не пијам на должност, а ако има написмено таков коверт – подобро, па после ќе го читам. Но сакав да Ве прашам неколку работи.
**Директорот:** Се ти пишува во ковертот, нема потреба. А фабриката ја ликвидира незавидната ситуација во земјава и транзицискиот период.
**Холмс:** Тоа се некои фирми?
**Директорот:** Не бре! Сакам да ти кажам дека фабриката е ликвидирана како загубар.
**Холмс:** А кој ја ликвидирал?
**Директорот:** Владата и доверителите.
**Холмс:** Има сведоци?
**Директорот:** Само финансиски документи и неосновани индиции.
**Холмс:** Дали работниците во фабриката нешто виделе или знаат? Знаете, сите ги уапсивме.
**Директорот:** Правилно. Тие се криви за сé – ем не работат, ем сакаат плати, а кога им велев да ги продадат акциите на еден чесен бизнисмен тие не сакаа. Сакаа да глумат газди.

**Холмс:** Значи, и тие имаат врска со ликвидацијата.
**Директорот:** Ами како!
**Холмс:** А, со какво оружје е убиена… знаете, тоа е главната загатка во случајот.
**Директорот:** Со кредити, со кое го покриваа слабото производство. Јас се отепав од патувања за да ги продадам производите, а кога ќе се вратев 2-3 пати годишно, таму наместо работа – штрајк. Мојот син, кој ми е заменик, ми вели дека не може со нив да излезе на крај.
**Холмс:** Значи, тие наместо да работат, тие земале кредити.
**Директорот:** Малку си неупатен, а?
**Холмс:** Па, не баш. Всушност воопшто и не знам каде ќе спијам со семејството, шефот не ме упати никаде.
**Директорот:** Јас ќе те упатам. Еве оди во хотел "Оплакната иднина", а јас ќе им јавам дека ти овде ќе поседиш еден месец.
**Холмс:** Еден месец? Нема да ми дозволат, а и жена ми е на работа.
**Директорот:** Каде работи таа?
**Холмс:** Во трговскиот центар, во продавниците на онаа текстилна фирма… знаете - што има тешкотии…. но не оди на работа, туку чека да ја повикаат… знаете, дуќаните на фирмата ги купил некој студент – пратеник и некои други дечиња… велат дека се деца на некоја "Жена – борец", седеле покрај некој парк.
**Директорот:** Знам, знам, таа "жена – борец", сигурно вежбала кунг – фу штом народила толку многу дечиња. Тој? Нема гајле, мене ми е пријател и сега ќе му се јавам во Америка, да ти сврши работа – ако не е пијан.
**Холмс:** Ниту мене нема да ме пушти началникот.

**Директорот**: Па, ти си бре ситничар. Сега ќе му се јавам. Ало … да пак сум јас. Не, не – нема проблем, детево е по мерка, да има повеќе вакви ќе уживаме. Туку нека остани овде да истражува, барем до последново рочиште, за да не му ја полнат таму главата со глупости… да бре… ете – тоа… понекогаш и ќораво пиле гаѓа здраво зрно… ете така… ајде кажи му ти, еве ти го на апарат…
**Холмс: (З*астанува "мирно" пред телефон*),** (Рапортира) :Криминален инспектор Стево Х. Холмс… добро, добро, се затнувам… цел месец? И повеќе ако треба? Ама фабриката е во Скопје, а овде е Охрид… да не ве учам географија… разбирам…. ќе ми јавите кога да се вратам… разбирам… не, нема да го секирам… разбирам…разбирам…
**Директорот: (Г*о зема телефонот*):** Ете, се разбравте… да, се разбира дека полицијата е во служба на граѓаните…вози аудито? Се разбира, тоа е добра кола, посебно кога е гаге. Ајде така…. И полека со златната картичка, фабриката е капут, ова се веќе приватни фондови, а не си само ти… добро де, знам дека ти си скромен и жена ти е скромна, само некој може да праша од каде, а може и да прашаат зошто го вработивме шура ти со четврто одделение како кореспондент за странство … добро, добро… знам дека ти се грижиш ако многу прашуваат, од многу грижа ти и судиите се нагоивте како за колење.. добро нема врска… ете така… пријатен ден!
Гледаш колку си ти важен човек инспекторе!
**Холмс:** Благодарам господине, јас одма видов дека со вас може да се работи, вие сте чесен човек. Јас одам да ги земам моите и ќе го читам ковертот кога ќе поручуваме гевреци… имаше една пекара, многу добро уредена… изгледа не е наша.
**Директорот:** Гледаш како одма чесни луѓе се договараат. Еве, земи го ковертот, прочитај го 200 пати и дојди да ти кажам како да напишеш… И немој те молам да ми велиш геврек,

киснато…такви работи – ние имаме места за читање таква “специјална литература”. Ќе одиш во ресторант “Муфте”, а јас ќе му се јавам дека јадиш гратис.
**Холмс:** Дали е тоа “гратис” со месо… да не е многу скапо?
**Директорот:** Како те нашле, алал да им е… не, не дечко… таму се јаде без пари, а гратисот е со месо – се разбира… поточно, ништо друго и нема освен месо.
**Холмс:** Без пари? Да ја земам и фамилијата тогаш.
**Директорот:** Па нормално, семејството е основа на системот – браво, вакви луѓе не се среќаваат ниту во Тасманија. Ајде сега оди.

**Сцена 7.**
***Холмс го отвора ковертот во колата и гледа 200 евра: го згрешил ковертот – будала. Сигурно го спремал за на свадба, бидејќи има странски пари во него. Се јавува на мобилен кај директорот:***

“Ало, директоре… да не биле малку? Што малку – многу, не те разбирам… јас сакам да ти кажам… што ќе додадеш? Не те разбирам… ти велам дека си го згрешил ковертот, овој ти е некаде за поклон или за свадба… не.. не си ми го дал пликот со информациите. Да, да тој што ми рече да го читам 200 пати, а овде најдувам некакви странски пари.. да ги трошам? Дневници за мене? Ама мене ми течат дневници по 400 денари на ден, со закинување од 100 денари за хранарина… имате правилник? Така пишува во правилникот? Добро, добро, јас нема да го кршам законот… бравос и на шефот ќе му речам да воведе таков правилник… да не му кажувам на шефот? На никого? И тоа го пишува во правилникот? Да, да ќе им купам нешто на децата, нема проблем… и во Скопје ќе добивам дневници? Ама не ми следува… само кога сум на пат….А, така…сега разбирам… трошоци за зголемено ангажирање… и во службен весник излегло? Не знаев, навистина… извини, но

ние во полицијата работиме по старински тертипи… да, да… сигурно правилниците не се усклaдени со тој… како рече законот… Пријатно, фала, секое добро, пријатно…
Добро! Закон си е закон. Штом ми следува не сум будала да не ги земам. А јас си мислев дека најдобра работа ми е со компирите… само малку ми купи… Зошто шефот не дојде, кога има олкави дневници?

**Сцена 8.**
***Холмс и семејството седнуваат во Ресторант "Муфте".***
**Келнерот:** Добар ден им посакувам на дамите и господата.
**Холмс:** И јас им посакувам, туку да нарачаме. Директорот ни рече дека давате бесплатно муфте. Има ли останато?
Келнерот: Нема проблеми, кај нас сите јадат муфте.
**Холмс:** Па како опстојувате, со ваква добрина?
**Келнерот:** Цесии и потперување господине.
**Холмс:** Вие ги произведувате тие целиите?
**Келнерот:** Во право беше директорот, ве нашле – како на биоскоп.
**Холмс:** Е, па ајде дајте ни 3 муфтиња… децата ќе си делат едно.
**Келнерот**: А за пиење? Дали сакате аперитив.
**Холмс:** Може, бидејќи не пијам на должност, а бидејќи жена ми не е на должност, едно ракифче. Може и за децата по едно како за мене безалкохолно.
***Стасува пијачката и децата на Холмс го гледаат кампарито:***
**Децата:** Леле скржајци, нема ни пола чаша!
**Холмс:** Па бесплатно е, што очекувате вие? Ајде пијте!

***Децата го “истресуваат” пијалокот и се чудат. За кратко време почнува да делува и тие се смеат како “печени”.***
**Децата:** Тато, може уште едно сокче “аперитил”?
**Холмс:** Дечко, извини вака, ама им се бендиса на децата од сокчево, а и мене… уште по едно може?
***Стигнуваат аперитивите и децата и него го “истресуваат”.***
Дете, ова биле плескавици… скара. А јас си мислев “муфте” е нешто готвено… ајде деца јадете! Давате и нешто за пиење со јадењето?
**Келнерот:** Се разбира има сé што ќе посакате, а и тоа влегува во муфтето.
**Холмс**: Добро, дајте ми литар со литар, на жена ми пола литар со пола литар, а на децата некој сок.
**Келнерот:** Може томато џус?
**Холмс:** Е, така нешто од портокал.
***На крајот, кога целото семејство Холмс се обезнанува од јадење и пиење, во добро расположение се поздравуваат со келнерот:***
Браво дете, кафанава ви е одлична, да имаме ние една ваква во Скопје…
**Келнерот:** Ги има и таму на секој ќош, но зависи за кого – како. Само ти држи се до директорот и да немаш гајле, тој ќе те праќа само во вакви кафеани…Те гледам дека си свеж…
**Холмс:** Па свеж сум се разбира! Што ми може едно вино.
**Келнерот:** ви завиткавме и за по пат, а има и сандак од аперитивот што толку ви се бендиса, но колата Ви беше заклучена.
**Холмс:** Јас ќе го земам сето!

***Холмс: (Се нагрбува со сандак кампари, кеси со месо…):***
Оној лебон на масана – за фрлање ви е? Знаеш имам пес дома и многу сака леб. Туку, да не ви требаат компири за во кафеанава?
**Келнерот:** Леб? Па дајте му месо,  а директорот ќе ти среди и во Скопје да се храниш во наша испостава на кафеаната. А за компирите нема проблем, ние ги плаќаме по 10 евра кило и најубаво е што можеш да ги оставиш на нива неизвадени.
**Холмс:** Вие сами си ги копате?
**Келнерот:** Е, стварно те нашле!

**Сцена 9.**
***Холмс и семејството се враќаат од муфтето, а децата повраќаат во колата.***
**Холмс:** Знаев јас дека мора да има некој трик, кога е бесплатно. Мора месото да било расипано. Јане, отвори од она аперитилон напиј се, ќе ти олесни.

**Сцена 10.**
***Откако се сместија во хотелот со 5 лампиони, Холмс размислува кој би можел да биде убиецот на фабриката, но нема никаква идеја. Значи:***
Фабриката е мртва – факт!
Оружјето не е најдено досега – факт!
Треба да побараме кој ги трошел кредитите, кога директорот бил во странство, а синот не може да краде од татко – крушата не паѓа далеку од дрвото. Значи сепак работниците ги трошеле кредитите… и во штрајкот – ТАП – некој ја убил фабриката – во таква гужва најлесно се крие злосторството. Зошто само не го уапсат оној Суратоски, кога организира

штрајкови? Само зошто да ја убие фабриката? Можеби од грижа што работниците многу краделе… сепак е ова добро дело – да се спречи таков криминал.
**Децата:** Тато, овде има два нужници, еден со дупка, еден без, со мало дупче, за што служи? И овие се некои скржлајци, да видиш колку се мали сапунчињата и шампончињата. Гоце, пак повраќаш?
**Холмс:** Деца потивко, зар не гледате дека размислувам.
Прво, за оружјето: мора да наредам да се направи обдукција на фабриката. Ќе му јавам на оној хемичарот да ја извештери фабриката.
Ало Гонце? Гонце… не ми спуштај, слушај. Ајде направи облукција на фабриката, да ми кажеш со какво оружје е убиена фабриката, во колку часот настапила смртта и начинот на убиството… ми спушти – будала! Ало Гонце… абе не ми спуштај… зошто морон? Како тоа разговараш со мене? Пак ми спушти – будала. И тој ми е сомнителен.
Кој би имал мотив да ја убие? Тое е клучното прашање… Или подобро: кој нема ќар од убиството на фабриката, па тој да ми каже, за да не ме мотаат по тавани… не, не…овде има многу замешани. Досега како пријатели се покажаа само судијата, директорот и келнерот. Другите ми се сомнителни. Морам да одам кај директорот пак и тој да ми каже нешто повеќе, инаку нема да можам да го решам случајот… ќе се прославам ако го најдам овој масовен убиец… па има сутнато десетици фабрики.
**Холмс: (М*у се јавува на Директорот*) :** Ало... да пак јас. Директоре, ова е многу сложено за мене. Не сака ниту вештото лице да прави облукција на фабриката. Мене ова ми личи на завера и…навистина? Ти се ќе ми напишеш, а јас да уживам, а шефот тоа ќе го одобри… јас само да се потпишам како да е мое? Добро, добро, еве идам одма... со ваша кола… добро, не е проблем… ама не сум јас некој господин… добро, добро… да млад сум потребна ми е кариера, немам ниту стан, ниту своја кола…



Мито  клизечи стил Mitë - stil rrëshqitës

**Сцена 11.**
***Кај директорот седи судијата од судот, секретарката, а овој го пречекува.***
**Стечајниот:** Стево, друже! Знаеш како рекле старите Грци: “Преку трњето до ѕвездите”.
**Холмс:** Ја знам таа изрека од средно и еднаш пробав, но се сторив фиран.
**Директорот:** Не сфати Стево. Тоа значи дека ние сега тебе ќе ти помогнеме да го решиш случајот, за да не те сменат. Што мислиш зошто не зедоа некој поискусен од тебе? Сакаат ти да заглавиш и потоа да те деградираат во патролџија.
**Холмс:** *(Пребледен):*  Го сакаат моето место?

**Секретарката:** Па што мислиш ти. Знаеш зошто е примен оној Рушвет во твоето одделение? Знаеш дека според Рамковниот договор на твоето место треба да се постави еден од малцинствата?
**Директорот:** И не само тоа. Ти Стево немаш грб и единствено што ти вреди е твојата интелегенција и аналитичност. Ти да не си толку анален во мозокот нема да можеш да напредуваш.
**Стево:** Значи и политичарите се анални во мозокот, кога напредуваат?
**Стечајниот:** Сите до еден! И затоа ние се ти напишавме, за да не се збуниш. Кога ќе види шефот дека си го решил случајот, ќе пукне од мака и најверојатно ќе можеш да конкурираш за неговото место.
**Холмс:** Вистина?
**Директорот:** Тој веќе не е човек од нашиот сој. Не гледаш каква кола вози? Мислиш дека му е од платата? Тој… така велат… трошел многу пари..
**Секретарката:** Многу!
**Директорот:** Многу! А од каде му се?
**Стево:** Одма потпишувам, само да прочитам.
**Стечајниот:** Стево, друже… ме боли твојата недоверба. Ајде да те видам прочитај ги овие бројки… разбираш ли нешто? Ние треба да ја штитиме државата, а ти со ситници… нема смисла… како сместувањето?
**Стево**: Одлично, колку три мои стана… не, не е мој станот… под кирија е…
А за потпишување… јас сум притив криминалот и одма потпишувам.
**Сите заедно**: Браво Стево, ти си цар.

**Секретарката:** Ајде сега викни го твојот другар Апорт и тој малку да поужива во Охрид, но да не му кажува на шефот ништо… секако е денес петок и има викенд, па нека дојде и тој со семејството овде…но никако да не кажува на никого дека иде ваму. Добро?
**Холмс:** Не мислев дека сте олку добри и…
**Директорот:** Ама нема проблем за тоа. Тој Апорт… дали ти е верен?
**Холмс:** Ме гледа како Господ, од мене учи, ама е малку туп
**Секретарката:** ***(Во смеа):*** Од тебе учи, туп…
***Оӣшт̄о смеење во канцеларијаш̄а.***
**Директорот:** Знаеш и тој треба да го потпише извештајов.. знаеш како велат подобро двајца, отколку еден, а и заради твоја заштита подобро е така. Еве ти го мојот мобилен за да се јавиш и речи му да земе патен налог – бланко.
**Холмс:** Како се ракува со ова.. добро вие свртете го бројот, јас ќе ви го кажам… а веќе го знаете…
Ало Апорт, што правиш… што офкаш… си ја скрши главата кога застануваше мирно… ако така се почитува авторитет. Сакаш да дојдеш во Охрид? Да на сметка на истрагата… Добро, земи го и семејството… Да знаеш какви дневници даваат овдека.. И земи патен налог, некој бланко формулар бил… не бре будало Црвенковски… формулар – бланко, ќе го видиш сиот бил бел…. дали со печат? Не знам…
**Холмс: (На директорот):** Да биде со печат? **(Овие климаат и суфлираат.)**
Да, да, со печат, потполни го и донеси го тој бланко налог…. Чекај, чекај… велат не го потполнувај. Оди одма и рапортирај во хотел “Оплакната иднина”… и ќе те земеле со кола од пред твојата куќа… еве, велат дека знаел шоферот каде ти е станот… да… чудно… велат си бил важен човек.

Не губи ниту секунда…. што има врска Мирко сега? Еден од работниците признал дека го атентатирал Глигоров? Ма не бре, само се фали, тој е жив, вчера го видов потпишуваше од тие книгите .. што, ама што работите вие кога ме нема мене… кој возел авион, згради во Њујорк? Ајде бре будало, кој од работниците има пари за карта до Њујорк, тоа само Мирко добил работна инспирација…Ајде брзај и Мирко нека се смири малку, оти цел град ќе признае сé и сé што.
Готово директоре, ќе стигне брзо и ќе ми рапортира…
**Директорот:** Ајде, сите ќе го чекаме во хотелот, а ти да му речеш да не гледа во документите, оти може нешто да прегледа, па да ти ја загрози кариерата.
**Холмс**: Тој? Тој ме гледа како "владика пари од свеќи".

**Сцена 12.**
***Задоволните Господа од канцеларијата тргнуваат во колите, за да одат во хотелот.***
**Холмс:** Чекај само да си купам цигари. Дете, колку ги даваш цигарите, "партнерот" ?
**Шверцерот:** На бокс?
**Холмс:** Нема сега овде да се тепаме. Ти барам една штека.
**Шверцерот:** Сто осамдесет денара и добијаш кеса со УЧК.
**Холмс:** ***(Тргнува со колата и ја гледа кесата…):*** "УЦК"… Отвориле нов комбинат за цигари… одиме напред, одиме…
***Работата е завршена во Охрид на општо задоволство. Тоа покажува дека Охрид е "Мека" за договори.***




**После 10 години:**
**Холмс:** Идентификувај се, што бараш овде со фенер по бел ден?
**Човекот:** Јас сум Диоген.
**Холмс:** А јас сум Џон Ленокс… Нешто документи? Возачка…..

## ЕПИЛОГ

**Стево Холмс** е начелник на полицијата на местото од стариот началник, кој загина под сомнителни околности. Сите говореа дека е така подобро, заради тоа што беше обвинет дека земал мито, и бил замешан во некаков случај со изнудување акции од некаква фабрика за вода… и дури имало и цела истрага, која ја водел тајно Инспекторот Холмс и Апорт Лижески.

Сега Стево има 140 килограми, свој стан и кола, а жена му работи како Директорка на текстилната фабрика, која имаше и има проблеми. Неговите деца се алкохоличари и пијат исклучиво кампари. Тие сонуваат да отворат фабрика за кампари, која би ја нарекле "Аперитил".

**Апорт Лижески** е главен инспектор за стопански криминал, (или како што тој вели "инспектор за мртви фабрики") и кариерата добро му оди, макар што тешко се движи заради тоа што се здебели (по примерот на шефот), и има срцеви проглеми (вагина кликторис). Познат е по тоа дека ги откри матните трансакции во полицијата, кои ги водеше стариот началник и ништо повеќе.

**Мирко Разбибубрегоски** не работи повеќе на своето старо работно место, откако на психијатар го прераспоредија на работно место со помалку стресни ситуации, и тоа доведе до распад на бракот со својата сакана сопруга Бестија Распашаноска, која го остави оти не ја тепа повеќе (научила од мама: "Кој не се тепа, тој не се сака"). Сега работи на издавање пасоши и "визии".

**Директорот** и **судијата**, како и нивната верна **секретарка** се (не)среќни и (не)задоволни во Америка, каде отворија "Клуб на Љубители на Голема Македонија", откако ги потрошија парите во безвредни трансакции на берзата, и сфатија дека овдека е потребен и малку мозок за да бидеш криминалец. Сепак, добро им оди со нашите иселеници, кои сѐуште сакаат да слушаат бајки, иако го заменија "јеловникот" и повеќе не служат "муфте". Таму често се среќаваат со други бивши….

**Рушвет Усвит** по "клуч" отиде "нагоре" и сега е Директор на една владина агенција и го нарекуваат "Господин 20%" (тоа нема врска со "квотите за малцинства").

**Нови правци во медицината:**

Алерго**корупто**логија; **Гастро**мито**скопија;**
**Ултра**рушвето**скопија;** ЦедиКесе**скопија;** **Неуро**мито**психологија**

**Нови болести на психологијата:**

Затујѓофобија; Дрпнибегајпатија; **Клептомитофагија**

**Зошто на време треба да се пријавуваат случаите на корупција?**
За да имаат време да ги забошотат.

**Законот на Стево за должината на законите**
Дупките во законот се исто пропорционални со неговата должина.

**Закон за лесните испити и тешките професори**
Тежината на испитот е во обратно пропорционална зависност од дадените средства

**Бидејќи немам ништо попаметно за овде - РЕКЛАМА:**
"ФАВОРИТ" - *Пере "немоѓуќе сѿвари"*
*"Невероjаѿна белина на очиѿе на сиѿе ѿарѿнери".*



**Мито  затворен стил** **Mitë- stil i mbyllur**

# НОВИ ЕМИСИИ НА ТВ

"Семејна палета" со Илија Филиповски
- Епизода: Брат – брата рани – тешко на комисијата"

"Научи да готвиш" со Љубен Пауновски
- Епизода "Паштета фамилиаре"

"Направи сам" со Снежана Георгиевска
- Епизода "Складирање за зима"

"Летни коктели" со Бранко Црвенковски
- Коктел "А ла збрка" со комисијата
- Коктел "Пресудна решеност"
- Коктел "Премислување за состојките"

"Сексуално образование" со Никола Кљусев
- Епизода: "Студентски догодовштини"

"Слатко, но кратко" – Музичка емисија со Ганка Самоилова Цветановска
- Епизода: "Втората виолина со висок буџет"

"Балкански ќорверзали" со Арбен Џафери
- Епизода: "Зошто ми се камионите релаксирани"

Економски форум со Петар Гошев
- Епизода: "Паторот Бајо"

"Животна сторија" со Државните секретари
Епизода: "Карго превоз за Илинденци"

***Пасус за инспирација:***

Знаејќи дека меѓу полицијата има многу корумпирани, претседателот на Русија - Владимир Путин целосно го обнови Одделението што се занимава со сигурноста во сопствените редови…

**Утрински весник, 25 Јуни 2003**

## ИСТОРИЈАТ НА МИТОТО

Митото се појавува во длабоката праисторија во првобитното општество (Првобитно = ПРВО + БИТНО = битно е оти е прво). Митото најрано е констатирано кај видот Hirosimapithecus[5] , и археологијата открила дека тоа се давало за да се молчи. Се смета дека, токму заради тоа човекот многу доцна прозборел, а дотогаш само мумлал[6]. Сериозните истражувачи тврдат дека ареалот на митото се простирал на целата територија на Балканскиот Полуостров, за што сведочи и настанувањето на државата Корупланд, која подоцна (после распадот во време на владеењето на Маркс I Велики), се дели на повеќе државички наречени со заедничко име Копукланд.

Исто така, дури и ден – денес има последици од навиката да се молчи за земеното мито[7], па нашиот јазик е класифициран во групата Мумлачко – копучки јазици.

---

[5] Се делат на 3 вида Albanohirosimapithecusi, Makedonohiroshimapithecusi и Drugihirosimapithecusi.
[6] Види: Мумлањето во времето на Александар Македонски
[7] Види: Настанокот на Homo sapiensite од Albanopithekusite

Последици од митоманските режими во минатото има и на актуелното државно уредување во копукландскиот регион. Тоа било проследено со големи преселби на народот и тоа најпрогресивниот слој и интелегенцијата кон Запад[8], што е, и денес случај[9].

Што се однесува до материјалната култура во времето на Hirosimapithecusite, нејзина карактеристика е општото пропаѓање и назадување, во однос на другите копучки народи и големо социјално раслојување на населението, што има свои последици на државното и социјалното уредување. Така, за кратко време се појавуваат Partalopitechusi i Vodnoandertalci, кои живеат во ист ареал, но јасно одделени преку материјалната култура. Кај првите е застапено користење на домашните животни од родот Mercedesosaurusi, а кај другите Peshkisaurusi. Исто така и пештерите, во кои живееле се разликувале и по изглед и по начинот на набавка. Едните морале да ги длабат сами, а другите ги добивале веќе издлабени и опремени на државна сметка.

Во духовната култура помеѓу нив има огромна разлика. Едните веруваат во богот Симониј[10], а другите во Санкилот[11]. Помошни богови им се: Инвита Минерва[12] и Лотарија[13].

Политичкиот систем им е многу развиен а уредувањето им се нарекува Демокрастија[14], која се состои во напредување по роднинска и партиска линија. Сето тоа е

---

[8] Види: Бугарскиот двор, Кристифор Колумбов и молчењето на навигаторот.
[9] Денес само до Хаг
[10] Од тука и “Симонија” – купување свештенички титули
[11] Sans cilottes – без гаќи
[12] Против волјата на Минерва – без талент
[13] Богиња на фантастичните приказни, глупавоста и мрзливоста

поддржано од огромна племенска администрација, во која работат 2/3 од населението и единствена задача им е да ги заебаваат оние 1/3 луѓе, кои не се на “државни јасли”.

Трговијата е мошне развиена а артикли, со кои се тргува се: жени, шведски челик, камени глави, просјаци, камен за мостови (од типот Travertinus Singaris), розева боја, но исто така многу е развиено производството на непријатели по негенетски пат[15] (секс без копулација). Сето тоа прави да се појави и класа секундарно вработени во државната администрација Moderatus Votatoris sociopatus[16].

Копукланд пропаднал сам од себе, заради тоа што секогаш другите им биле криви за сé. Од нив останала само поговорката “Кабаетот е сирак”.

Д-р Васил Тупаџиоски

**Социјални вештини за разбирање со митоманите:**

Од чисто човечки аспект - ебави животните!

**Осовременување на владата:**

Политичар на батерии (1.000 “полнења”)

---

[14] Ова е уредување засновано на тројна поделба на власта: лоповчиња, лопови и Обер лопови (Закономитоземна, Законоизигрувачка и Незаконосудска)

[15] Овој тип на размножување е наречен: Copulatio mentis

[16] Тие биле силеџии на гласачките кутии и околу изборните места, а за возврат добивале раководни функции и лиценца за криминал.



# ПРОЕКТ: РЕСУРСНА КАРТА ЗА “УПАТЕНИ”

**Проектот: -** Ресурсна карта за “Упатени” беше еден од најголемите приоритети на државните служби кај нас, заради големите пропусти во работата на инспекциите – од сите видови и на другите државни службеници, кои “работат на странки”.

**Цел на проектот** беше да се зголеми приносот по “грло – клиент”, да се насочат овие службеници и инспектори да не одат таму каде што не треба да одат и со тоа да не пишуваат пријави, кои потоа мора да се кинат по интервенција и да не го губат времето со одбивање клиенти, кои имаат роднини, сопартијци... на висока положба, па после тоа да мораат да си ги поништуваат решенијата и да носат нови – во полза на странката. Исто така, колатерална цел на проектот беше да се вклучат и другите институции со “упатување”, односно директорите на државни фирми, судови, агенции… Посакувана цел беше и таа да се оформат кадри во министерствата за “фини” набавки, со цел да не се глупираме со паштети од 270.000 долари.

**Задачи на проектот:**

- Да се идентификуваат локациите на сите клиенти, кои не се под режим на рекет;
- Да се воспостават системи на идентификација на промените во рекетот, настанати со промените во власта;
- Да се идентификуваат локациите на сите клиенти, кои имаат роднини на високи позиции и тоа да се прошири и со вовед на графата “љубовник/ца на десижнмејкер/ка”;

- Да се идентификуваат локациите на сите клиенти, кои можат да “таласаат” или да им се осветат на државните службеници;
- Да се утврдат зоните на интерес на професорите на факултетите, судии и други личности, кои можат да им наштетат на државните службеници;
- Да се креира план на клиенти, со географска разместеност и списоци со личности, кои не треба “да се чепкаат”;
- Соодветно да се обележат фирмите и апроксимативно прерачунатите приходи за една година;
- Да се воспостави паритет на рекетот и да се воспостават методологии за рекетирање;
- Да се обележат видовите “давачки” на клиентите, со посебни напомени (“кеш“, “натура”, “прејадување”,”услуга”, “поправање коли”, “ситни занаетски услуги”, “поправање кецови”, “испити”…);
- Да се поделат квартовите на зони на влијание и да се воспостави правилник за наменска експлоатација на клиентите;
- Да се обележат “природните донатори” за политички кампањи, “повремените донатори” и “редовните муштерии”;
- Сето тоа графички да се уреди, со цел полесно користење;
- Да се исконтактираат судовите, факултетите, медиумите… за тоа “што да се прави”, со цел да послужат како колатерална поддршка на проектот во вразумување на неразумните и наградување на разумните;

**Имплементација:** Проектот беше силно имплементиран и зачудува ентузијазмот на инспекторите и другите “упатени” во проблематиката во креирањето на оваа карта. Тоа им ја затна устата на странците, кои не обвинуваа за нестручност. Во тоа бевме малку

хендикепирани, затоа што главните познавачи на оваа проблематика се на оправдано отсуство во институциите, па не можевме да ги користиме како консултанти, а главните директори на институции за “алтернативни финансиски трансакции” не се повеќе на раководни места, и не сакаа да контактираат со нас. Сепак, информациите се слеваа фантастично бргу и бевме фрапирани од нивото на информации, со кои располагаат инспекторите и другите “упатени”. Политиката ни даде силна поддршка во ова, со нивни сугестии, кои одма ги прифативме, уште пред да бидат кажани, па дури ни дадоа и нови инструкции, за тоа кого во ресурсната карта со каков знак и боја да го обележиме. За тоа сме им благодарни.

Високата соработка со другите “упатени” институции беше извонредна и тие ни изјавија дека и досега тоа го работеле, но не вака на научна база, туку волонтерски.

**Евалуација:** Проектот е потполно имплементиран и очекуваме висок принос по “грло” – клиент и избегнување на грешките да малтретираме некого, кого не треба да малтретираме. Исто така, очекуваме подобрување на социјалната положба на политичарите, инспекторите и другите “упатени”, барем што се однесува до прашањето на едношалтерскиот систем, популарно наречен: “Да не шетаат десижнмејкерите, туку да шетаат парите”.

**Продолжена евалуација:** Се очекува овој систем да влијае трајно на нашето општество, се до неговото распаѓање и доволно финансиско обезбедување на оние, кои ќе патуваат со авиони за да живеат на “подобри места”. Неколку Странски амбасади, за мали пари ветија визи и политички азил за сите такви заинтересирани “летачи” и тоа навреме, за крвопролевањето да не ги затекне неспремни. Исто така, извесноста на овие визионирани

содржини е поткрепена со купување на куќи и вили во странските летувалишта. Позитивно е тоа дека во нив веќе ќе ги чекаат “летачи”, од минати гарнитури, кои ќе ги упатат во се она што треба. За тоа веќе постои агенција во Флорида со име “50% од пленот”, која е достапна и во развој.

**Успеси на граѓанските организации**

Денес заврши проектот на АГТИС, со наслов “Антикорупциско пиење мастило”, кој беше финансиран од АБВГЧКЉ. Овој проект имаше за цел да воспостави добри релации на Претседателот со парите и да се воспостави перформанса на исчезнување. Во перформансата учествуваше и надзорниот одбор.

**Пула Хирошима**



Мито индустриски стил    Mitë - stil industrial



Посета на донаторот Vizita e donatorit

## Акционен план на Владата на РМ за борба со корупцијата

**Цели на активностите:**

1. Коњукциска електорална алтернација на аберација
2. Непротивоконституционствувателско подобрување
3. Алтернативна инспициенција низ колатерална антиутилитарна флуктуација

**Три приоритети на владината кампања против корупцијата:**

1. Прв
2. Втор
3. Трет

***Планот го изготви работната "Група за мрза"***

## О г л а с и

1. Давам за шестка (Шифра: "Бруцошкиња")
2. Се молат студентките повеќе да се капат за на испит (Шифра: "Остар нос")
3. Ги молам студентките да не доаѓаат на два испити во ист ден (Шифра: "Нема купатило")
4. Се моли чесниот пациент да си ги земе лажните евра и да ми плати во вистински (Шифра: "Да не се вратиш пак")
5. Владата бара изведувач за изградба на патен правец во должина од 100 километри. Тендерите се доставуваат до вчера исклучиво на Кинески јазик, во амбасадата на РМ во Папуа – Нова Гвинеја (Шифра: "No coment")

6. Менувам пакет со сувомеснато, канта скапано сирење, картон масло, вреќа брашно, бајата парола за домашни производи и весло наменето за цицање, за малку достоинство (Шифра: К-15)
7. Менувам диплома, магистратура и докторска дисертација за шоферско место во владата (Шифра: И јас "некого да возам")
8. Менувам дел од плац на Водно со комплетна градежна документација, за документ за сопственост над истиот плац издаден од катастарот (Шифра: "Ќе бидеме комшии")
9. Барам деловен простор за невладина организација во владина зграда на бесплатно користење, со платени режии, на 30 години користење и најмалку 3 грантови годишно. Во замена нудам слепа послушност и селективна перцепција (Шифра: "Договор куќа ти гради")



Мито ветувачки стил　　　Mitë-stili shpresëdhënës

## Конгрес на коруптомани, потперувачи и злоупотребувачи (КПЗ)
## Антикомисиска корупциска програма

**Воведни излагања на Претседателот:** Brabery Kodoshlarov од Канада

Анестли (хм, види близнацки ин д првиот ред) Хелоу Рут & Рут! Брадерс & систерс, јоур еминенси под кабаниците! Корапшн из понова терм вит хум се критикал способните, штото се снашле ин де лајвот. Популар назив за овато е: "И Ју да беше така ќе дуит".

Ви, антикорапшан стратеги требато да го хуманизинг, за да има руле оф... (какото се казваше... оној терибал збор) – а да: рајт. Това е вери битно, бикоз, ви сме олмост анд со едната од леговете Западно од Пекос, ор, како Јоу ток, Западен Балканите. Бат, хиа има един разлика: дере из мени судии лајк мистер Рој Бин.

Ви од Канадата ар вери хендикепинг, бикоз немаме такви судии и затова ја сакаме аур родна кантри вери мач. Ин Канадата ви донт хев многу опортунитис да обелиме маните, бикоз има – екскјузми што аген го изговорјах – ло.

Сега предавам думата на мојта спикер грл, красивата Еголина.

А јас му го предавам зборот на неговата еминенција: Човекот во кабаница, повелете господине.

Да не губиме времиња и обичаи со поздрави. Вие сите знаете кој сум, но има и нови, кои можеби се уфрлени од полицијата, па додека и нив не ги корумпираме мораме да си ја чуваме тајноста. Така правиме и во моето министерство.

Антикорупциската стратегија треба да се базира на отвореност и транспарентност. Заради тоа, а и како прв чекор, нашата организација ќе објави сé за корупцијата.



Тоа ќе го направиме на следниот начин: Колку пари носи кое место во политиката, во Владата, едно пратеничко место, едно директорско место. Исто така треба да се даде ценовник на факултетски и лекарски “услуги”, директорско место во стопанството, во нестопанството, приватизација на државни фирми, фалшиви решенија на сите инстанци, пресуди (сите видови).

На овој начин, човек нема повеќе да лута од мене – до тебе, туку однапред ќе си знае што треба да има, за нешто да добие.

Тоа ќе биде крај на интересот за политички функции и ќе доведе до професионализација на нашиот занает и строга специјализација.

Во таа насока треба да се обучуваат кадри и тоа од мали нозе во најразлични дисциплини. Навистина ова нека не се сфати дека ние немаме доверба во оваа и минатите влади, кои навистина најпрофесионално се заложија за подемот на сите видови мито, корупција, злоупотреби, потперувања, подмнетнување. Придобивките од долгогодишното работење се евидентни, но невидливи, а научното ниво и едукациската база - феноменални. Но, што нуди нашиот факултет:

1. Општа корупциска култура
- лигавење
- ѕидање ѕидови на молчење
- кодошење
- анонимки и други видови неформално информирање
- доотепување пријатели
- упикување, ласкање, додворување и други дисциплини на бонтонот.
2. Стручни дисциплини
- грант индустрија

- местење тендери
- насоки во “Потемкин стил”
- статистичко озеленување на корупцијата
- подземање и преобратување, со посредување
- други нови дисциплини

3. Помошна едукација (непотизам, партизирање, финализација на дунстери за повисоки места, алтернативна цертификација на експертите).

Пред да продолжиме, со едноминутно молчење да му оддадеме почит на паднатите од минатата власт, кои се со нас овде. За среќа на прсти се бројат и имам ветување дека на тоа и ќе останеме.. Мислам во таа розева кабаница е и почитуваната... таа и таа, која тоа го гарантира, а во таа кабаница со вага е и тој и тој, кој ќе тргне по стапките на својот претходник.

Ајде сега молчете, што нема тешко да ви падне.

**Мито кај животните** ***(Крава на крава е волк)***

- Сврши ми работа да ме купи твојот газда!
- Ако дадеш детелина со 4 листа и 10 проценти од млекото да го пишуваат како мое.

## Корупциско образование

- Универзално образование: Би го украл цел универзум
- Широко образование: Зема се што ќе му се понуди
- Космополитско образование: Примањата му се “космос”


МОРА ДА Е ГРЕШКА
ЈАС РЕДОВНО ПЛАЌАМ
РЕКЕТ
ДИПЛОМА

***Пак йо некоја лашинска***

**“Argumentum ad cruménam.”**
(Доказ за кесето.[17])

**“Impunitátis spes est máxima illécebra peccándi.”**
(Верата во безбедност од казна е најголем мамец за грев)

**“Justitia remóta quid sunt regna nisi magna latrocinia.”**
(Ако се тргне правдата, што се владите, освен големо разбојништво)

**“Omne tempus Clodios, non omne Catones fert.”**
(Секое време раѓа Клодии, не секое Катони.)

## Белешка за авторот: Стево Хирошима

Јас сум роден во средноимотно разбојничко семејство. Моите мајка и татко работеле во ф-ка за текстил на разбој и биле честити комунисти, но не можеле да постигнат повеќе заради тоа што мајка ми била религиозна, а татко ми не бил религиозен. Значи, мајка ми верувала, а тој не верувал дека ќе го фатат.

Основно училиште некако завршив, а понатаму не сакав да продолжам од идеолошки причини. Имено, учителот по математика ми бараше двеста марки да ме пушти во втори клас, а јас немав идеја каде да ги најдам, па идеологијата ми дојде до ак.

Оваа фаза од мојот живот многу ме погоди, посебно кога дознав дека татко ми го сменил полот и побегнал за Аргентина, но и таму го фатиле да подмитува некој државен службеник.

---

[17] Подмитување во судството

Слободно можам да речам дека сум јас дете од пропаднато семејство, а баба ми умре од секс. Имено, моето семејство живее на долниот спрат, а баба ми со нас. На горниот спрат живееше тетка ми, која имаше 160 килограми тежина и подот попушти под нејзината тежина и таа падна врз баба ми и ја с’еба тотално. Така, баба ми умре од секс, тетка ми од лошите дограмации и доброто готвење на баба ми, а на мене тоа остави трајни последици, па никаде не ме примаа на работа и морав да станам политичар.

Едно време ме вработија во контраразузнавање, но бргу ме отпуштија заради уништување на податоци. Јас мислев дека контраразузнавањето оди по принцип: разузнавачите собираат податоци, а контраразузнавачите ги бришат. Тоа многу не ми помогна на судот, па морав да се вратам во Партијата, каде работев во изборниот штаб на лепење плакати. За кратко време моите сопартијци увидоа дека јас сум еколошки тип, кој не сака да ги валка ѕидовите со плакати, но не умееја тоа да го ценат, па и самиот претседател на партија ми рече: “колку ти фаќа раката и министер можеш да станеш... ма не министер! Ти можеш и шофер да бидеш“.

Од тогаш сум шофер на газдата.



Мито народен стил Mitë - stil popullor


КАКО СРАБОТИ ЗА ДА ИМАШ ТОЛКУ?
ЧЕСНО, ГО ВОЗЕВ ГАЗДАТА

**Раза Хирошима учи медицина:**

Леку бил температурата… Каде е вирусот?

**Цела држава е ослободена територија…**

…. Од памет.

**Митоманско ехо:** Устав, ав, ав, ав, ав...

Закон за отпорот: **Отпорот да дадеш мито е обратно пропорционален со работниот стаж на инспекторот.**

**Закон за моралот и тежината:**

Да беше тежината во моралот, ние ќе бевме птици.

**Што имаат заедничко митоманот и невестата, која не била невина во првата брачна ноќ?**

Презумпција на невиност

**Нови успеси на АД Еко – дератизација**

Денес е промовиран новиот хуман начин на дератизација на станбени објекти, при која се користи нова технологија наречена "Евра за напуштање". Овој вид прочистување се одвива на начин што им се плаќа на глувците по 10 евра по глава, за да се иселат од објектот и да си бараат чарето. Имаше голем одзив на глувците и се исселија 6.200 глодари, а целат акција чинеше само 62.000 евра. Владата најавува дека овој метод и понатаму ќе се користи.

Асоцијација за граѓанска толеранција и соработка
А Г Т И С

1. “Пиринска” 62
2. “Тризла” 36 – Б
7500 Прилеп

тел:
048 432 432; 048 428 499; 048 428 196
070 62 30 39

agtis@mail.com.mk
actac@mail.com.mk
agtis@mt.net.mk

www.agtis.org.mk
www.roleplay.net.mk
www.postscriptum.com.mk
www.berzanaglasaci.com.mk
www.wws.org.mk
www.pitaodizbori.com.mk
www.ekogim.org.mk

Association for citizen’s tolerance and cooperation
A C T A C

**С о д р ж и н а**

Adversaria Coruptiae ...................................
Вовед ....................................................
Краток курс за перење пари .......................
Закони за корупција ...........................
Учебник по физика за II година................
Извадок од толковен речник ..........
Епопеја на македонцкиот Народ ............
Факултетски игри без граници .........
Најчести хобија на политичарите ..........
“Случајот на мртвите фабрики” ................
Нови правци во медицина и закони за корупција ...............
Нови емисии на ТВ ..............
Историјат на митото ...........
Проект: Ресурсна карта за упатени ..........
Акционен план на Владата на РМ за борба со корупцијата ........
Огласи ........
Конгрес на коруптомани, потперувачи и злоупотребувачи (КПЗ) ........
Корупциско образование ..............
Белешка за авторот ...........
П.С. Уште нешто за збогум .................


Проект: „Adversaria Coruptiae"
www.agtis.org.mk